Бр. 12 – 276/3
15.2.2019 година
Скопје

Врз основа на член 11, став 1, алинеја 7 од Статутот на Фондацијата „Атанас Близнакоф" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 12-350 од 21.4.2011 година, член 8 од Правилникот за начинот и критриумите за распределба на средствата од Фондацијата „Атанас Близнакоф" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студентски стипендии бр. 12-276/2 од 15.2.2019 година, Одборот на Фондацијата на седницата одржана на 15.2.2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на стипендии на редовни студенти од прв циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од Фондацијата „Атанас Близнакоф"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат финансиски средства за стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф" на редовни студенти од прв циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кои имаат запишано најмалку трет семестар во учебната 2018/2019 година.

На секој факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се доделуваат по 5 стипендии.

Висината на секоја поединечна стипендија изнесува 6.000,00 денари/месечно и се исплатува 10 месеци во студиската година почнувајќи од октомври и заклучно до јули.

**Член 2**

Постапката за распределба на стипендиите од член 1, став 2 на оваа Одлука ја спроведува факултетот врз основа на распишан интерен конкурс и критериуми за доделување на стипендиите кои се утврдени во Правилникот за начинот и критриумите за распределба на средствата од Фондацијата „Атанас Близнакоф" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студентски стипендии бр. 12-276/2 од 15.2.2019 година.

**Член 3**

По спроведената постапка од член 2 на оваа Одлука, изборот на кандидатите го врши факултетот за што донесува одлука за избор на 5 (пет) добитници на стипендија од Фондацијата „Атанас Близнакоф".

Изборот го потврдува Одборот на Фондацијата кој донесува одлука за потврдување на изборот за добитниците на стипендијата.

Доколку за некој стипендист Одборот на Фондацијата не го потврди изборот, од Факултетот ќе побара нов предлог за стипендист од листата на веќе пријавените кандидати.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Фондација „Атанас Близнакоф"**
**при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Претседател**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар на УКИМ: м-р Марија Маневска